


Центар за организација бизнис процеси и проектна канцеларија го зајакнува тимот на успешни професионалци и нуди можност за вработување, во таа насока бараме високо мотивирана, организирана и иницијативна личност која ќе ја преземе улогата на Бизнис аналитичар.

Доколку си проактивен, креативен и сакаш да бидеш дел од тимот на НЛБ Банка кој секојдневно се соочува со предизвиците на подобрување на работните процеси, те мотивираме да се пријавиш на отворено работно место:

# Бизнис аналитичар

**Твоја улога во тимот:**

- Соработува со сите вклучени страни во било кој деловен процес за да ги анализира деловните процеси;
- Самостојно и аналитички ги расчленува составните делови во процесот, ги анализира деловите и утврдува дали составните елементи одговараат на смислата и целта заради која постои процесот. Ја документира и визуелизира својата анализа;
- Управување со деманд менаџмент процесот, усогласување и комуникација со сите инволвирани страни;
- Анализа на бизнис барања, кровна анализа, дополнувања со сите потребни елементи и соодветна администрација и приоритизација на истите;
- Следење на бизнис барања и тикети се до момент на нивна реализација;
- Извештаи и анализа на развојни барања;
- Системски пристап во документирањето на анализите и предлозите, создава визуелизации и симулации на работни процеси во форма на workflows модели со употреба на дигитални алатки.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование;
- Работно искуство од минимум 2 години во сродна дејност;
- Одлично познавање на англиски јазик;
- Аналитички способности и одлични комуникациски вештини, посветеност, лојалност и одговорност, тимско работење и кооперативност, ефективност и ефикасност;
- Професионална етика, навремено и уредно завршување на задачите и посветеност кон организациските цели и целите на проектот;
- Проактивен начин на решавање на предизвиците, донесување одлуки и решавање конфликти;
- Желба за работа во средина со високи барања.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Напредна обука и индивидуален кариерен развој; менторство од врвни банкарски експерти;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Потврди го твојот интерес со доставување на кратка биографија (CV) најдоцна до **05.02.2025** на NLBKariera@nlb.mk со назнака за **Бизнис аналитичар.**

Само кандидатите кои ги исполнуваат основните критериуми ќе бидат контактирани за интервју.

NLB Banka